ЗАПИСНИК

Од одржаната **23-та вонредна седница на Советот на Општина Новаци** одржана на ден **08.02.2023** година со почеток во **12.00 часот** во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот на општина Новаци: Славица Најдовска-Стојковска, Николче Димовски, Љупчо Петровски, Сузана Јовановска, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата отсутен беше советникот Пецо Дојчиновски.

На седницата беа присутни вработени во Општина Новаци: Градоначалник Стевче Стевановски, Летка Јовановска - раководител, Анета Киселоска - раководител, Николина Лозановска - советник, Катерина Чукалевска - советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и донесување на Одлука за доделување на финансиска помош на настрадaните од земјотресот во Република Турција и Сирија (Сириска Арапска Република) од Буџетот на Општина Новаци.

Председателката на Советот Славица Најдовска –Стојковска пред советниците даде објаснување за причината од свикување на вонредна седница, а која се однесува на земјотресот кој ги зафати Република Турција и Сирија на 06.02.2023г.. Истиот со големина од 7.8 степени по Рихтеровата скала предизвика големи материјални штети и човечки жртви. Општина Новаци во рамките на своите можности ќе одвои финансиски средства кои ќе бидат донирани како помош на Република Турција и Сирија како би можеле двете држави што поскоро да ги надминат негативните последици од зермјотресот.

Советот на Општина Новаци со **8 гласови за** гласаше за оправданоста на причината за свикување на вонредната седница.

Предложениот Дневен ред беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **8 гласа за**.

1 точка: Разгледување и донесување на Одлука за доделување на финансиска помош на настрадaните од земјотресот во Република Турција и Сирија (Сириска Арапска Република) од Буџетот на Општина Новаци.

Градоначалникот Стевановски им предложи на советниците висината на финасиската помош која Општина Новаци ќе им ја додели на Република Турција и Сирија да изнесува 100.000,00 ден. и при тоа посочи дека Општина Новаци во последните години има одлична соработка со турски бизнисмени кои покажаа интерес на отварање на свои бизниси во нашата општина.

На ова советникот Наумче Смилевски предложи висината на финансиската помош да биде поголема и таа да изнесува 200.000,00 ден., секако ако тоа не го оптеретува буџетот на општината.

Претседателката Најдовска-Стојановска предложи висината на финансиската помош да изнесува 150.000,00 ден. така што овој предлог **едногласно** беше прифатен од советниците. Советот на Општина Новаци донесе Одлука за доделување на финансиска помош на настрадaните од земјотресот во Република Турција и Сирија (Сириска Арапска Република) од Буџетот на Општина Новаци во висина од 150.000,00 денари.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска